**Темата** која се обработуваше е: „**Видови на дискриминација, стереотипи и предрасуди**“

**Целта** е спречување на дискриминацијата како неопходност за остварување на основните човекови права, кое воедно е предмет на интерес на многу национални тела и институции.

**Реализатори** се учениците од : VII,VIII,IX одд , активностите ги следеа и педагогот на училиштето Маја Ѓорчевска- Затуроска и спец. Едукатор и рехабилитатор Татјана Павловска-Деспотовска.

**Активностите** се одвиваа во насока на индивидуални и групни презентации од страна на учениците во врска со различните видови на дискриминација, стереотипи и предрасуди, проследени со примери и дискусија за истите. Учениците се претставија и со изработки на усни презентации на хамер за морални личности како и изработка на етички кодекси за морално однесување со чија помош се спречува дискриминацијата.Тие промовираа еднаквост и толеранција и соодветни реакции против дискриминацијата, стереотипите и предрасудите. Очекуваните ефекти се реализираа преку успешното реализирање на на ученичките компетенции за тимска работа и меѓусебна соработка.

Координатор

Горица Бошкоска, наставник по Граѓанско образование

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|
| Завршен проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието во Конгресниот Центар „Александар Палас | 21.09.2022 | Наставничка по Граѓанско образование Горица Бошкоска и педагогот Маја Ѓорчевска-Затуроска и ученици од IX одд | Наставни и воннаставни активности во рамките на програмата на Граѓанското образование претставени на Конференцијата на Граѓанско образование насловена како „Граѓанско на дело: Од училница до акција„. |
| Форум театар под мотото “Не биди насилник, не дискриминирај, сите имаме свои права“ | 03.10.2022 | Наставничка по Граѓанско образование Горица Бошкоска<br>VIII-2 и IX-2 одд<br>Општина Центар | Сценарио со сцени против врсничко насилство-булинг, дискриминација по сите основи и заштита на правата на децата.<br>Се развива свеста кај младите против секаков вид на навредување и селктирање на личности или групи на луѓе во општеството. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Посета на Собранието на РСМ<br><br>во рамките на програмата на предметот Граѓанско образование и наставните содржини особено од темата „Граѓанинот и државата„ | 14.12.2022 | Учениците од VIII и IX одд. | Запознавање со историјатот на Собранието и неговиот претседател, како и со работата на пратениците, посетата на странските претседатели, ретките уметнички дела и резбите при обиколките на просториите во Собранието. Целта на посетата е и младите да се запознаат со правото,гласањето и носителите на власта, по чии праведни принципи треба да работат сите институции во една правна и демократска држава. |

### *16.4. Самоевалуација на училиштето*

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование спроведува самоевалуација на сопствената работа и постигнувања. По спроведената самоевалуација училишната комисија изготви извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Изготвениот извештај го достави до училишниот одбор, директорот на училиштето, општина Центар и МОН.
Самоевалуација ја спроведуваше Училишна комисија, која по предлог на директорот, беше формирана од училишен одбор со одлука бр. 02-208/04 од 25.06.2021 година.

Во состав на Училишната комисија се:

1. Маја Ѓорчевска-Затуроска (педагог)
2. Сања Шутиноска (психолог)
3. Вања Петровска (предметен наставник)
4. Мерсиха Смаиловиќ (родител)
5. Билјана Стерјадовска (родител)

Самоевалуацијата беше спроведена според индикаторите за мерење на квалитетот на работата на училиштата креирани од Државниот просветен инспекторат.

За потребите на самоевалуацијата беа формирани седум тимови на наставници од одделенска и предметна настава согласно седумте подрачја. Тимовите имаа координатори кои редовно се состануваа и работеа на своето подрачје.

При изработката на самоевалуацијата, Училишната комисија имаше успешна соработка со седумте тимови од наставници.

**ТИМОВИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

| I Група | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|---|
| 1. Гордана Букревска | Тим лидер |
| 2. Нина Николовска | Член |
| 3. Мери Ќурчиева | Член |
| 4. Катарина Лазаревска | Член |
| 5. Андријана Грујоска | Член |
| 6. Биљана Стојановска | Член |
| II Група | **Постигања на учениците** |
| 1. Кети Христовска | Тим лидер |
| 2. Ленче Зајковска | Член |
| 3. Благица Димчева | Член |
| 4. Данче Гиговска | Член |
| 5. Симона Пецова | Член |
| 6. Жанета Шумкоска | Член |
| III Група | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Бојана Бачоска | Тим лидер |
| 2. | Весна Миливоевиќ | Член |
| 3. | Гордана Делева | Член |
| 4. | Нела С. Никовска | Член |
| 5. | Анка Чоневска | Член |
| 6. | Нела Радевска | Член |
| IV Група | | **Управување и раководење** |
| 1. | Маја Бутлеска | Тим лидер |
| 2. | Марија Варадинска | Член |
| 3. | Вера Петровска | Член |
| 4. | Виолета Секуловска | Член |
| 5. | Виолета Ѓошева | Член |
| 6. | Ненад Наневски | Член |
| V Група | | **Комуникации и односи со јавноста** |
| 1. | Даниела Крстевска | Тим лидер |
| 2. | Елизабета Христовска | Член |
| 3. | Дијана Ковачевска | Член |
| 4. | Даниела Такашманова | Член |
| 5. | Александра Крстова | Член |
| 6. | Горица Веловска | Член |
| 7. | Чедомир Пановски | Член |

| | |
|---|---|
| VI Група | **Училишна клима и култура** |
| 1. Ирена Костовска | Тим лидер |
| 2. Ирена Бакревска | Член |
| 3. Ирена Пановска-Тодороска | Член |
| 4. Луиза Наневска | Член |
| 5. Мирјана Јаневска | Член |
| 6. Маја Јакимовска | Член |
| VII Група | **Соработка со родителите и локалната средина** |
| 1. Марина Станковиќ | Тим лидер |
| 2. Драган Станојковски | Член |
| 3. Валентина Лена Вељан | Член |
| 4. Сања Пиперевска | Член |
| 5. Ана Покупец Апостолски | Член |
| 6. Горица Бошкоска | Член |

### *17. Безбедност во училиштето*

На почетокот на учебната година на учениците им се презентираше „Планот за евакуација на училиштето во случај на незгода“. Учениците се запознаени со планот на одделенските часови. На одделенските часови планирани се вежби за евакуација за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави и слични закани и ризици. Во текот на полугодието се изработи и план за евакуација во случај за дојава на поставена експлозивна направа во училиштето.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група |
|---|---|---|---|
| Организирање на дежурства од страна на наставниците за време на одморите | континуирано | Одделенски и предметни наставници | Учениците во училиштето |
| Организирање на дежурства од страна на учениците | континуирано | Ученици од училиштето | Учениците во училиштето |
| Изработка на план за евакуација во случај за дојава на бомба во училиштето | 16.12.2022 | Директор и вработените во училиштето | Целокупната училишна заедница |
| Соопштение за однесување на учениците при дојава на поставена експлозивна направа во училиштето | 19.12.2022 | Директор и претседател на училишен парламент | Учениците во училиштето |
| Препораки за постапување при дојава на поставена експлозивна направа во Основните училишта од Одделение за превенција –СВР Скопје | 26.12.2022 | Директор и вработените во училиштето | Целокупната училишна заедница |

*18. Грижа за здравјето*

**18.1. Хигиена во училиштето**

За хигиената во училиштето е задолжен техничкиот персонал од училиштето, но вклучени се и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците и преку надзор на извршувањето на дадените задачи, како што се одржување на училници, ходници и училишниот двор. Таа цел најдобро се постигнува со реализација на наставните и воннаставните активности поврзани со оваа тема.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор и садење на цвеќиња.

Извршена е дератизација, дезинсекција и дезинфекција во првото полугодие на учебната година на 7.11. 2022 година.

Извршен е санитарен преглед на вработените на 5.9 2022 година.

**18.2. Систематски прегледи**

**18.3. Вакцинирање**

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група |
|---|---|---|---|
| Организиран топол оброк | Во текот на полугодието | Училиштето и добавувачот на храна | Учениците од одделенска настава |
| Вакцинација на учениците со MRP | 15.9.2022 | Поликлиника Битпазар | Ученици од прво одделение |
| Вакцинација на учениците со MRP | 16.9.2022 | Поликлиника Битпазар | Ученици од прво одделение |
| Предавање | 27.9.2022 | Наставници и<br>Ученици<br>Поликлиника Битпазар | Ученици од прво и четврто одделение |
| Систематски прегледи и залевање на фисури на трајни молари и премолари | 19 и 20.10.2022 | Поликлиника Битпазар | Ученици од седмо одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кампање за месецот на гладта: Хуманитарна акција во парични стретства и храна | 17.10.2022 | Организацијата на ЦК на Училиштето и волонтери од ЦК | Сите ученици |
| Систематски прегледи и залевање на фисури на трајни молари и премолари | 7 и 8.11.2022 | Поликлиника Битпазар | Ученици од шесто одделение |
| Едукација на тема: Превенција од болести на Зависности,( цигари и алкохолизам) во рамките на предметот: Биологија и Унапредување на здравјето | 18.11.2022 | Организацијата на ЦК на Училиштето и волонтери од ЦК | Ученици од осмо одделение |
| Исправи се-Дијагностички и превентивни скрининг прегледи на рбетниот столб и на долните екстремитети кај децата од прво одд. | 21.11.2022 | Општина Центар и училиштето | Ученици од прво одделение |
| Поделба на четки за заби | 21.11.2022 | Организацијата на ЦК на Училиштето и волонтери од ЦК | Ученици од прво до деветто одделение |
| Систематски прегледи и залевање на фисури на трајни молари и премолари | 5 и 6.12.2022 | Поликлиника Битпазар | Ученици од петто одделение |
| Едукација на тема: Основно одржување во живот | 24.11.2022 | Организацијата на ЦК на Училиштето и волонтери од ЦК<br>д-р. Миралем Јуриќ(родител) | Ученици од седмо и осмо одделение |
| Работилница за унапредување на здравјето во рамките на ХБСЦМ Студија | 25.11.2022 | Училиштето и претставници од ХБСЦМ Студијата | Изработки и размислувања на учениците презентирани на настан по повод 20 годишнина на студијата под покровителство на првата дама Д-р Елизабета Ѓорѓиевска |
| Вакцинација HPV | 1.12.2022 | Поликлиника Битпазар | Ученички од седмо одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поделба на јаболка за учениците | 3.12.2022 | Донација од Министерството за замјоделство | Ученици од сите одделенија |
| Едукација на тема: Сексуално преносливи болести во рамките на предметот: Биологија | 20.12.2022 | Организацијата на ЦК на Училиштето и волонтери од ЦК | Ученици од деветто одделение |

## *19. Училишна клима*

### 19.1. Дисциплина

Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведува до одлична дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Дисциплината во училиштето е на високо ниво и тендецијата е истото да се задржи. Се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. Вратите на училиштето се отвараат во 6 часот наутро и се затвараат во 21 часот меѓутоа со распоред за влез и излез на сите во училиштето, а оваа учебна година беше ограничен физичкиот пристап за родители во одредени простории во училиштето поради заштита од вирусот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства. Дежурствата на наставниците се истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и на огласната табла на училиштето и по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска.

Во ова полугодие училишната заедница се придржуваше строго според пропишаните правила за движење во училиштето, држење безбедно растојание, односно се водеше според сите протоколи за безбедност и заштита на сите вработени во училиштето.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Нашето училиште има приоритет да се грижи за естетскиот и функционалниот изглед на училиштето. Секој наставник пред својата училница има задача и обврска да уредува пано според потребите на наставните теми и содржини. Содржините на истакнатите изработки на учениците и наставниците се од различни области меѓу кои има содржини од мултикултурата со што го изразуваме мултикултурниот карактер на нашата држава со цел запознавање и зајакнување на меѓуетничките односи; содржини според одделни настани и датуми битни за животот на учениците, со цел запознавање со светски, државни и локални прослави, празници и настани. Останатите ѕидови и холот го уредуваат ученици од ликовната и литературната секција под раководство на нивните наставници.

### 19.3. Етички кодекси

Пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба раководени според некои сугестии и потреби од страна на учениците и родителите го обновивме и потврдивме постоечкиот кодекс на однесување. Согласно Кодексот на облекување во фискултурна сала, на часовите по физичко и здравствено образование, задолжително е носење на опрема за ФЗО (бела маичка, темен шорц и патики за во сала). Кодексот ги опфати правилата на однесување на вработените, учениците и родителите. Тој е истакнат на видни места (во наставничка канцеларија и училниците) и со него се запознаени сите инволвирани, а за непочитување на правилата следат соодветни мерки.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

За продлабочување на довербата и соработката меѓу структурите во училиштето се предвидуваат повеќе конкретни активности со цел да се подобри квалитетот на комуникацијата и да зајакне меѓусебната доверба и соработка:

- Соработка на наставниот персонал со стручните служби преку состаноци, работилници, дебати за вистинските потреби и поддршки во однос на работата и животот на училиштето, надминување на проблемите, сè за успесите и добрите придобивки.

- Соработка на наставниот персонал, стручните служби и техничкиот персонал особено околу рано откривање на деликвентно и недолично однесување на учениците, персоналот и сл. Истакнување на важноста на техничкиот персонал да соработува брзо и навремено кај наставниот и стручниот персонал во дадените ситуации.

- Соработката преку состаноци, работилници, дебати со Советот на родители и родителите општо со училишниот персонал (наставнички, стручен) и сл.

*20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

## 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.
Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар се одвива на интерно и екстерно ниво.
На интерно ниво се реализира преку Стручни активи и Наставнички совет додека на екстерно ниво претставува учество во едукација организирана од БРО , МОН или други организации на едукации кои се од интерес на подобрувањето на квалитетот на наставата како и во зависнот од потребите на наставниот кадар и стручната служба.

## 20.2 Активности за професионален развој

Во првото полугодие професионалниот кадар во училиштето проследи повеќе обуки на различни теми

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Акциско истражување – наставниците истражувачи | 22.09.2022<br>27.09.2022 | Наставник Игор Богдановски ООУ „Блаже Конески“ | Наставници | Запознавање со методите, техниките и начинот на акциското истражување, како дел од наставниот процес |
| Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование<br>Модул: Обука за стручни соработници | 27.10.2022 | БРО | Педагог | Запознавање со новата концепција |
| Предавање на тема : Панични напади и анксиозност кај деца и младинци | 28.10.2022 | Центар за психолошко советување Когниција | Психолози од училишта од Град Скопје | Запознавање со панични напади и анксиозност кај деца и адолесценти |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми | 7 и 8. 11. 2022 | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С.<br><br>ДООЕЛ Скопје | Наставници | Применуваат проблемска, истражувачка и проектна настава;<br><br>- применуваат поучување преку истражување, откривање, решавање проблеми,<br><br>анализирање, синтетизирање, извлекување заклучоци и споделување на сознанијата;<br><br>- користат применливи вештини за поттикнување и развивање на критичко и<br><br>Креативно размислување кај учениците;<br><br>- креираат стимулативна средина за повисоки мисловни процеси, критичко и креативно размислување. |
| Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | 18.11.2022 и 25.11.2022 | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С.<br><br>ДООЕЛ Скопје | Наставници | Ќе применуваат иновативни интерактивни пристапи во наставата;<br><br>- ќе имаат повеќе време за поучување на секој ученик;<br><br>- ќе применуваат образовни иновации;<br><br>- ќе градат активна средина за учење во која јакне интеракцијата ученик –наставник, ученик – ученик;<br><br>- ќе овозможат подобри резултати кај учениците со давање можност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | да учат со своја динамика;<br>- ќе им помогнат на учениците да сфатат дека учењето треба да биде нивна сопствена цел и можност да го истакнат својот интелектуален потенцијал. |
| Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) | 03.11.2022 и 04.11.2022 | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги АКАДЕМИЈА Ц.Е.С.<br>ДООЕЛ Скопје | Наставници | Во користењето современи форми и техники во работата на стручните активи;<br>во заедничко планирање на наставата;<br>во заедничко утврдување на критериуми за оценување на ниво на училиште;<br>во самостојно продолжување на процесот на своето учење и надвор од училницата,<br>продлабочувајќи ги стекнатите знаења, избирајќи сопствени извори и содржини на знаења, прилагодувајќи го времето кон сопствените потреби и барања. |
| Градење партнерства со родители и вклучување на родовата перспектива во училишни активности | 30.11.2022 | Здружението за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците“ | Наставници и спец. едукатор | Зајакнување на капацитетите на училиштата за градење активни партнерства со родители и нивно вклучување во активности, како и зголемување на свесноста за значењето на родовата перспектива како фактор од кој зависи креирањето активности за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | сите деца |
| Sixth Educonference for teachers and IT experts | 17-18. 09.2022 | НВО Пријатели на обрзаованието | Наставници и стручни служби | -Споделување на иновативни приоди и добри практики за имплементација на STEM едукација (нови образовни трендови) |
| Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети | 29.09.2022 | МОН, БРО<br>( Едуино вебинар) | Наставници | -Запознавање со начините за развивање на програми за реализација на слободните изборни предмети<br>- практични примери и пристапи за развивање на програми насочени кон спроведување на активности од слободни изборни предмети |
| Развивање креативни вештини преку визуелни приказни | 10.10.2022 | МОН, БРО<br>( Едуино вебинар) | наставници | -стекнувања знаења и начини за развивање на креативните вештини кај учениците преку визуелни приказни<br>- практични примери и начини за креирање визуелни приказни со примена на различни видови на медиуми како слики, фотографии, илустации, стрипови, видео блогови се со цел да се усвојат наставните содржини на креативен и персонализиран начин, преку визуелен комуникациски пристап |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Методи и пристапи за учење преку решавање проблеми со фокус на климатски промени | 13.10.2022 | МОН, БРО<br>( Едуино вебинар) | наставници | -практични примери на успешни практики за примена на моделот на учење преку решавање на проблеми со интегрирање на вештините на критичкото размислување и решавање на реални и комплексни проблеми како мотивациски фактор за поголема и смисловна ангажираност на учениците во наставата. |
| Улогата на ресурсниот центар во поддршката на редовните основни училишта | 27.10.2022 | МОН, БРО<br>( Едуино вебинар) | Наставници и стручни соработници | -нивоата на подршка кои ги обезбедува ресурсниот центар за создавање на оптимални услови за квалитетно образование на сите деца вклучени во образовниот систем |
| Добри практики со користење на мобилните апликации во СТЕМ наставата | 18.10.2022 | Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД | наставници | -Совети и добри практики |
| Climate Action Day | 03.11.2022 | Take Action Global | Наставници и ученици | -развивање на еко свест за климатските промени на глобално ниво. |
| Програма за стручно усовршување „Учам да предавам германски јазик“ - модул DLL 5 „Наставни материјали и | Септ.- декем.<br>2022 | Гете Институт | Наставник по германски јазик | - стекнување нови дидактички знаења и увид преку набљудување на сопствените и лекциите на другите наставници<br>- препознавање и испробување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| медиуми“ | | | | на нови потенцијални правци на дејствување во училницата<br><br>- 3-неделен финален проект (Акциско истражување) Проектот за практично истражување иницира промени во училницата и помага да се зголеми професионалноста на наставниците.<br><br>- Споделување на искуство меѓу колегите<br><br>- Рефлексија преку размена на искуства и практики |
| „Интегрирана СТЕМ настава со приод кон неСТЕМ предметите“ | 29.11.2022 | LEAD | наставник | Споделување на добри STEAM практики |
| Активно учество во првата фаза на тестирање активности / експерименти од областа на искуствено учење за животна средина и климатски промени | Октомври - ноември | Еко Логик | Наставници | Стекнување вештини за реализирање на истражувачки активности/ експерименти од областа на искуствено учење за животна средина и климатски промени |
| 4th International Scientix Conference | 18 и 19 .11.2022 | European Schoolnet | Наставници | Споделување на иновативни приоди и добри практики (истражувања, проекти, нови образовни трендови) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| STEM Out of The Box: A STEM Approach to Non-STEM Subjects | Од 12 септември до 19 ноември | European Schoolnet Academy | Наставници | Стекнувања знаења и начини за развивање за СТЕМ  кој ја нагласува соработката, комуникацијата, истражувањето, решавањето проблеми, критичкото размислување и креативноста, вештини кои им се потребни на студентите за да бидат успешни во денешниот свет без оглед на специфичните интереси или цели во кариерата. |
| EU Code Week Bootcamp 2022 | 10 октомври до 16 ноември 2022 | European Schoolnet Academy | Наставници | Споделување на иновативни приоди за учењето кодирање на млада возраст помага да се развијат клучни вештини како што се решавање проблеми, аналитичко размислување, расудување и креативност |
| Национална конференција:<br>„Искуствено учење од областа на животната средина и климатските промени“ | 05.10.2022 | Еко Логик | Наставници | Претставување постигнатите резултати од спроведување на искуственото учење за животната средина и климатските промени во основните училишта |
| School Plastics FreE Movement | 30.11-03.12.2022 | Istituto Comprensivo Bosco Chiesanuova-Polo Europeo della | Наставници<br>Стручни соработници | Да се охрабрат учениците од секоја земја во светот да размислат за употребата на пластика во нивниот секојдневен живот, да разберат какво може да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Conoscenza | | биде влијанието на пластичниот одпад врз животната средина и да се насочат кон создавање одржливи алтернативи што трајно ќе се користат во училиште или домот |
| Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самозапознавање и советување за кариерен развој. | 24.11.2022<br>8 часа | ОЗ Инвест ДООЕЛ Скопје. | Стручни соработници ,директор | Добивање на насоки за реализација на активности за стекнување на компетенции за професионален развој |
| Обука за спроведување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | 28, 29. 11. 2022 год. | БРО<br>Коалиција Маргини | | Да се промовира подзаконски акт, да се стекнат знаења и вештини за неговото спроведување , да се унапреди разбирањето,препознавањето и соодветното третирање на сите видови насилство, вклучително и родово заснованото насилство |
| Работилница „Заедно кон подобро образование“ | 25-27.11.2022 | БРО<br>Самрт Ап<br>Едуино | Наставници | Валидација на концептот за мрежата за учење за науки<br>Систематизирани мислења и идеи за подобрување на квалитетот на образованието и воспитанието во контекст на корисни ресурси, методи и техники за негово осовременување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заштита од Сајбер насилство | 5.12.2022 | НВО Легис | Наставници од предметна настава и стручна служба | Запознавање и справување со сајбер насилството меѓу децата |
| Добри практики со користење на мобилните апликации во СТЕМ наставата | 21.12.2022 | Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД | Наставници | Совети и добри практики за користење на мобилни апликации во СТЕМ наставата |
| Унапредување на менталното здравје на учениците | 28.12.2022 | БРО, УНИЦЕФ МОН | Стручни соработници | Зајакнување на професионалните компетенции на стручните соработници за воспоставување на унифициран систем за унапредување на менталното здравје на учениците |

* Благодарница за постигнат успех при реализација на воспитно-образовните активности , особено за време на Ковид 19 пандемијата за одделенскиот наставник Биљана Стојановска од Општина Центар и Градоначалник Горан Герасимовски.

### 20.3. Личен професионален развој

Секој од вработените има изработено личен план за професионален развој за сопственото напредување во текот на годината, според кои планови, училишниот тим за професионален развој го следи професионалниот развој во училиштето.

### 20.4 Хоризонтално учење

Планираните различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, се реализираа преку активите, со организирање на отворени часови, стручни собири, работилници и сл.

### 20.5 Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно –образовниот кадар кој се одвива во три дела односно фази. Првиот дел е посветен на приправничкиот период, вториот дел се однесува на периодот каде наставникот/стручниот соработик работи самостојно и третиот дел каде што напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник.
Како поддршка во кариерниот развој училиштето има за цел да го олесни снаоѓањето во училишниот живот и да понуди практични совети и иновативни идеи. Образовниот кадар се запозна со стандардите за наставник/ стручен соработник – ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја и тоа :

1. Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем;
2. Поучување и учење;
3. Создавање стимулативна средина за учење;
4. Социјална и оразовна инклузија;
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата;
6. Професионален развој и професионалана соработка

## *21. Вклученост на семејствата во училиштето*

### *21.1 Во животот и работата на училиштето*

Соработката со родителите се остварува преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот како и Советот на родители. Советот на родители е формиран од по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности:-дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, -расправа за извештајот за работа на училиштето, -предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, -дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, -избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Работата на Советот на родители вклучува и активности поврзани со развој и имплементација на проекти што ќе придонесат за подобрување на училишната инфраструктура и воопшто, подобрување на материјално-техничките услови за реализација наставни и воннаставни активности. Во овој поглед, потребно е да се формира мешовит тим составен од претставници на Советот, училишната администрација и наставниците.

Советот на родители изготвува програма, со чија реализација се овозможува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Овој совет ќе заседава најмалку два пати во полугодие по претходно утврден дневен ред. Претседател на Советот на родители е Верче Дамјановска.

**21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонанаставните активности**

- Карактеристики на децата и давање помош за насочување на нивниот развој;
- Совети за решавање на развојни и други проблеми кај учениците кои се последица на дисфункционални семејни
- односи;
- Советодавна – инструктивна работа со родители чии деца имаат тешкотии во развојот;
- Давање помош во благовремено откривање на надарени деца и укажување на можности за поттикнување и насочување на нивниот развој;
- Педагошко – психолошка едукација на родителите.

Училиштето има постојано добра соработка со родителите, но таа треба да биде посуштинска односно поголема и конкретна вклученост на родителите во активности кои ќе го подобрат воспитно – образовниот процес во училиштето.

**21.3 Едукација на родителите и старателите**

На почетокот на учебната година се изработи брошура за родители која беше поставена на веб страницата на училиштето и кодексите на однесување, куќниот ред , со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето.

| Реализирани активности | Носители на активноста | Време на реализација | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| Изработка на брошура за родители | Тим за изработка на брошура | Август 2022 | / |

***22. Јавна и културна дејност на училиштето***

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња | Септември | Наставниците од I одделение | Развој на позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата |
| Одбележување на 8 Септември ден на независностана РМ | Септември | Одговорни наставници и ученици | Продлабочување на знаењата од националната историја |
| Одбележување на Европскиот ден на јазиците | 26.9.2022 | Одговорни наставници и ученици | Развивање на интерес кон јазиците |
| Одбележување на светскиот ден на учителот | Октомври | Одговорни наставници | Одбележување на оваа благородна професија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на Детска недела | Октомври | Одговорни наставници и ученици | Развивање позитивни карактерни особини |
| Организирање свечена приредба по повод прием на првачиња во ДО | Октомври | Одговорни наставници | Развој на чувство за припадност во ДО |
| Одбележување на 11 Октомври | Октомври | Одговорен наставник Ненад Наневски | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Посета на театарска претстава за Горан Стефановски во МНТ | 31.10.2022 | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста |
| Посета на кино Милениум Патот кон месечината | 31.10.2022 | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста |
| Одбележување на 13 ноември –ден на ослободување на Скопје | Ноември | Одговорни наставници Марија Варадинска – Алексова и Ирена Пановска Тодороска | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Одбележување на Светскиот денот на љубезноста | 13.11.2022 | Одговорни наставници | Едукативни текстови и игри |
| Одбележување на Светскиот ден на толеранција | 16.11.2022 | Одговорни наставници и одделенска настава | Слончето Елмер раскажува за посебноста,единственоста и различноста |
| Посета на фестивалот Златно Славејче | 5.12.2022 | Одговорни наставници и одделенска настава | Развивање на интерес кон музиката |
| Посета на инклузивен театар Еурека | 5.12.2022 | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста, развивање позитивни карактерни особини |
| Одбележување на 8 Декември ден на Св. Климент Охридски | Декември | Одговорни наставници | Развој на чувство за почит кон личности од минатото и историјата на македонскиот народ |
| Изложба по повод Мечународниот ден на човекови права | Декември | Одговорни наставници и одделенска настава УНХЦР | Развивање позитивни карактерни особини Развивање на интерес кон уметноста |
| Новогодишен базар од хуманитарен карактер | 15.12.2022 год | Одговорни наставници и ученици | Развој на позитивно расположение по повод Нова година и собирање финансиски средства за потребите на учениците во социјален ризик од нашето училиште |

*23. Соработка со локална средина и локална заедница*

Училиштето не е изолирано од неговото опкружување, па затоа постојано учествува во активностите на локалната заедница. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето. Училиштето постојано ги унапредува организициските вештини, да го препознае локалниот контекст во кој се наоѓа училиштето и да се промовира на тој начин. Подрачјето за соработка со локалната самоуправа е основа за воспоставување на врска помеѓу претставници од локалната самоуправа и училиштето. Основна цел на оваа соработка е да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Соработка со средни училишта | Континуирано | Стручна служба | Сознание за запишани ученици и информација за запишување |
| Соработка со факултетите<br>Американ Колеџ , Институт за специјална едукација и рехабилитација (Филозофски факултет) , Катедра за германски јазик (Филолошки факултет) | Континуирано | Стручна служба, наставници | Менторство на студенти (психолози, германисти, специјални едукатори и рехабилитатори)) и приправници |
| Соработка со Општина Центар | Континуирано | Училиштето и ОЦ | Заеднички активности |
| Соработка со Државен  завод за статистика | Септември/октомври 2022 | Училиштето и Заводот | Статистички извештаи за крајот и почеток на новата учебна година |
| Соработка со Здружение Сојуз за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Континуирано | Училиштето и Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје | Заеднички активности |
| Соработка со Центар за социјална работа | Континуирано | Училиштето и Центарот | Информации за ученици |
| Соработка со издавачки куќи | Континуирано | Училиштето и издавачките куќи | Заеднички активности |
| Соработка со Здравствен Дом Битпазар | Континуирано | Училиштето и здравствениот дом | Заеднички активности |
| Соработка со Црвен крст | Континуирано | Училиштето и Црвен крст | Заеднички активности |
| Соработка со Здружение за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците“ | Континуирано | Педагошко-псхолошка служба и Здружението | Заеднички активности |
| Соработка со Детска фондација Песталоци | Континуирано | Педагошко-псхолошка служба и Фондацијата | Заеднички активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со Бирото за развој на образование | Континуирано | Педагог и психолог | Известувања |
| Соработка со МОН | Континуирано | Училиштето | Известувања |
| Соработка со невладини организации | Континуирано | Училиштето и НВО | Заедничка соработка, работилници, хуманитарни акции |
| Соработка со ДПИ | Континуирано | Училиштето и ДПИ | Известувања |
| Соработка со НУ Археолошки музеј | 29.9.2022 | Училиштето и музејот | Работилница:Моето културно наследство одржано во склопот на Европски денови на културното наследство на тема: Одржливо наследство |
| Соработка со НЛБ и Пакомак | Континуирано | Училиштето и НЛБ и Пакомак | Собирање на пластични шишиња |
| Работилница : I belong (Јас припаѓам) кампања на ОН и УНХЦР со Македонско здружение на млади правници | 17.10.2022 | Училиштето, педагог и психолог и ДКЦ | Посета на Планетариум и заеднички активности со ученици и деца без државјанство во ДКЦ |
| Предавање на тема: Деца /лица без државјанство | 21.10.2022 | Македонско здружение на млади правници и училиштето | Запознавање на учениците со темата |
| Соработка со НЛБ Банка | 21.10.2022 | Училиштето и НЛБ Банка | Заедничка работилница |
| Соработка со Филхармонија | 11.11.2022 | Одделенски наставници, I одделение и Филхармонија | Едукативни работилници:Фамилијата Металковци (цртежи,вежби,проекции, предавања,музички игри, запознавање со музичките инструменти) |
| Соработка со Институтот по психологија | 17.11.2022 | Одделенски наставници, IV одделение и институтот | Креативна работилница: Когнитивно мапирање на музиката |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Посета на Општина Центар | 26.11.2022 | Училиштето и Општина Центар со ученици од IV одделение | Реализација на активности согласно наставната програма на тема: Градоначалник и Општина |
| Соработка со Детски културен центар Карпош | 22.11.2022 | Детски културен центар Карпош и училиштето | Учество на ученичка квизотека |
| Презентација на тема : Со велосипед и електричен тротинет низ Центар соработка со НВО Култи ватор | 16.12.2022 | НВО Култи ватор, Општина Центар и училиштето и ученици од деветто одделение | Безбедност и правила во сообраќајот |
| Народни носии и настанување на парите | 26.12.2022 | Одделенски наставници со IV одделение и музејот | Работилница со предавачи од Музејот на Македонија |
| Соработка со МКЦ | 28.12.2022 | Одделенска настава | Посета на Планетариум,работилница за танц и ликовна работилница |
| Посета на НУБ Св.Климент Охридски | 29.12.2022 | Одделенски наставници со V одделение и библиотеката | Архивирање , чување и складирање на книгите |

***24. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето***

***Медиуми***

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на Претседателот на Р.С. Македонија-Стево Пендаровски на првиот училишен ден | 1.9.2022 год. | МРТВ, Сител и училиштето | Содржини од програмата на приредбата | Промоција на училиштето |
| Едукативен настан со Турскиот Центар Yunus Emre Enstitusu-Скопје и Светот на Биби | 16.9.2022 | Турска Национална телевизија МРТВ 2 | Активности поврзани со турскиот јазик и култура | Промоција на училиштето и мултикултурализмот |
| Учество на Ѕвон | 20.10.2022 | МРТВ, училиштето | Гостување во студио | Промоција на училиштето |
| Денови на медиумска писменост | 1.11.2022 | МРТВ | Трибини , работилници за деца за разбирање на содржина на филм | Промоција на училиштето |
| Благосостојба кај возрасни и деца | 22.11.2022 | МРТВ и психолог Иван Христов | Гостување во студио | Промоција на училиштето |
| Вклученост на училиштето во ХБСЦ Студијата и актуелни активности | 13.12.2022 | МРТВ , Директор на училиштето Соња Кирковска и психолог Иван Христов | Гостување во училиштето во живо | Промоција на училиштето |

***25. Комисија за изработка на Полугодишен извештај за работата на основното училиште***

Директор – Соња Кирковска

Педагог – Маја Ѓ.Затуроска

Психолог – Сања Шутиноска

Специјален едукатор и рехабилитатор – Татјана Павловска-Деспотовска

***26. Користена литература***


1. Развоен план на ООУ„ Св.Кирил и Методиј“
2. Самоевалуација на ООУ„ Св.Кирил и Методиј „
3. Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година
4. Статут на ООУ„Св.Кирил и Методиј “
5. Извештај од интегралната евалвација на ООУ„ Св.Кирил и Методиј “
6. Закон за основно образование (Службен весник на РСМ , бр.161 од 05.08.2019 година) .
7. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година).
8. Закон за работни односи
9. Закон за јавни набавки (Службен весник на РСМ бр.24/19)
10. Наставник од почетник од ментор -Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта , Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година
11. Стручен соработик од почетник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта, Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година
12. Националната програма за развој на образованието во РСМакедонија
13. Законот за организација и работа на органите на државната управа


Дата
Скопје 2023 год

**Потпис на Директорот на ООУ**

**Потпис на Претседател на училишен одбор**

## *ПРИЛОЗИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ*

### *Прилог бр. 1: Работа на Директорот Соња Кирковска*

И ова полугодие работата на директорот е насочена кон следните активности:

- да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги;
- да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност;
- да обезбедува услови на организација кои ќе ги задоволат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат и др.);
- да обезбеди континуирано користење на информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија;
- да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата;
- да ја следи работата на учениците и да соработува со родителите во однос на успешно решавање на проблеми и тешкотии кои ги покажуваат учениците во наставата;
- да ја следи работата на наставниците и учениците на наставните часови и да придонесува за поквалитетно планирање и одржување на наставата.

| I. Водство | | |
|---|---|---|
| **1.1. Стратешко водство**<br>**1.2. Училишна клима и култура**<br>**1.3. Соработка со родителите и заедницата** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| **1.1**<br>- Влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко;<br>- Избирање на стилови на водство и примена согласно ситуацијата;<br>- Вложување во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување;<br>- Остварување континуирана соработка со органите и телата во училиштето. | Стручна служба, наставници, директор | Континуирано |
| **1.2**<br>- Воспоставување механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни високи постигнувања;<br>- Превземање активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите;<br>- Воспоставување на систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП;<br>- Воспоставување процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност;<br>- Поставување висики и достижни очекувања од учениците и вработените;<br>- Воспоставување хоризонтална и вертикална соработка во сите стручни тела во училиштето;<br>- Обезбедување принцип на „отворена врата“ за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис сектор. | Надлежни институции, општина, наставници, вработени, , директор | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| **1.3**<br>- Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување поддршка;<br>- Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство и слично);<br>- Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците;<br>- Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница;<br>- Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето;<br>- Соработка со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите;<br>- Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ , ДИЦ и др.<br>- Обезбедување услови за соработка со други училишта;<br>- Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно образовниот процес. | Директор , педагог, психолог, наставници, Општина Центар | Континуирано |

| II. Раководење со човечки ресурси | | |
|---|---|---|
